ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО –ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-108/10 од 11.02.2025г.
Облешево

Врз основа на член 28 став 4 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија „ бр. 32/2020, 111/2023,171/2024 и 224/2024), Градоначалникот на Општина Чешиново- Облешево го дава следното

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на повторна јавна презентација и јавна анкета по Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог на УПС

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот , подрачјата соседни на планскиот опфат , широката јавност , претставници на стручната јавност, претставници на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот опфат, (учесници) , дека се организира повторна јавна презентација и јавната анкета по

Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог на УПС со тех. бр. 17/2024 од февруари 2025, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДООЕЛ Скопје.

Повторената Јавна анкета ќе се спроведе во периодот од **27.02.2025г. до 12.03.2025г**, во кој рок може да се доставуваат забелешки и предлози од учесниците на јавната анкета и презентација, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и по електронски пат до веб страната на општината web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk , e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk , и во писмена форма со доставување на анкетни листови преку архивата секој работен ден од 9-14 часот, кои можат да се добијат од архивата или од веб страната на општината .

Повторената Јавна презентација е стручно презентирање на планот ,и ќе се одржи на ден **04.03.2025г**. (петок), со почеток во **12^{00}** часот , во просториите на Општина Чешиново – Облешево, сала на советот.

Графичкиот прилог на предлог планот ќе биде изложен во просториите на општинската зграда во с. Облешево и на веб страната на општината.

Опфатот на Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Чешиново со разработка на Блок 5 и Блок 13, КО Чешиново, општина Чешиново-Облешево е

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

сместен во југозападниот дел на селото и ги зафаќа Блок 5 и Блок 13 дефинирани со постојниот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево (2017-2027).

Границите на опфатот се совпаѓаат со границите на **Блок 5 и Блок 13** дефинирани во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево:

Границите на **Опфат 1** се совпаѓаат со границите на **Блок 5** дефиниран во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017- 2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.):
- на север границата се протега по осовина на сервисната улица “Се-2” или “Наум Наумовски Борче” (планирани според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на запад границата се протега по осовината на станбената улица “Ст-10” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на југ границата се движи по осовината на станбената улица “Ст-9” или “Вангел Стоилов” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општинаЧешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на исток границата се движи по осовина на станбената ул. “Ст-8” или “Вангел Стоилов” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
Според опишаните граници површината на планскиот опфат на **Блок 5** изнесува: **2.59** ха

Границите на **Опфат 2** се совпаѓаат со границите на **Блок 13** дефиниран во постоечкиот Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево за 2017- 2027 (Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.):
- на северозапад границата се протега по осовините на сервисната улица “Се-2” или “Наум Наумовски Борче” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на запад границата се движи по осовината на ул. “Ст-3” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на југ границата продолжува да се движи по осовина на станбена улица “Ст-4” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново- Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
- на исток границата се движи по осовина на станбена ул. “Ст-2” (планирана според Урбанистички план за село Чешиново, општина Чешиново-Облешево донесен со Одлука бр. 08-1110/1 од 23.05.2019 год.);
Според опишаните граници површината на планскиот опфат на **Блок 13** изнесува: **3.64** ха

Изготвил,
Марија Салтирова Јовановска

Marija Saltirova Jovanovska
Digitally signed by Marija Saltirova Jovanovska
Date: 2025.02.11 09:57:47 +01'00'

Градоначалник,
Далибор Ангелов

Dalibor Angelov
Digitalno potpisao: Dalibor Angelov
Datum: 2025.02.11 10:27:14 +01'00'

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t-home.mk

Мапа на планскиот опфат



